Indicta causa
(Осуден во отсуство)

Сашо Гигов-Гиш

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

Уредник на изданието
Ѓоко Здравески

© Сашо Гигов-Гиш, 2025
© Бегемот, 2025

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Indicta causa
(Осуден во отсуство)

Сашо Гигов-Гиш

Скопје, 2025

...едни закони има светот, а други поетот
...а за поетот што пеејќи греши,
тиранин е и мравата
што не знае да прости...

Радован Павловски

INDICTA CAUSA
– осуден во отсуство –

Ти мислеше... лесно е
лесно е, мислеше, да се убие,
а тешко е да се умре
кога омразата и одмаздата
и однатре и однадвор
пресуд(е)ни ти беа
Лесно е да се убие, мислеше...
е лесно е да се убие само без да мислиш
(а ти мислеше)
Кога душата и умот се само
бесловесна мрша во дрипава дреа
а вака кога немаш ни доволно болест
ни доволно доблест
дури ни да го обезглавиш стравот
со молк до себезаборав и со морничава
ономатопеја
и на безмолвието в џигер да му влезеш
и да го докусуриш безмилосно со екстатична смеа
пред во адот своеволно да слезеш
...И осуден во отсуство

да не знаеш за што и чуму од ближните
прогонет си бил
за самоубиство ли во самоодбрана
или за нужна теодикеја
или само за отстапување во силогизмот
на *самоизмамата со стил*

АДСКА МАШИНА
– според Жан Кокто –

Кармата на Едип посттоталитарен

На Богомил Ѓузел

Ах бре, Тиресијасе,
со боските суви, см'кнати до папок...
Еј бре, Тиресијасе,
од змиите заплотени, во оријашко клопче,
поплукан и сколнат
со профетско слепило, наместо со смрт...
...имаш ли и ти мајка...
мртва или уште жива можеби, сенилна ил' болна???
Да те прашам јас, Oedipus Rex
тој усвоениот од Полибиј и Меропа, во стапалата ранет
при очи здрави, а ќор како крт...
Имаш ли мајка, татко имаш ли, Тиресијасе?
Имаш ли во што да се заколнеш, о старецу недугав??
Заколни се во мајка ти, Тиресијасе,

пред да почнеш полудеан, мајка ми низ крик
да ја ругаш
опседнат во занес пелтечаво бладајќи

Син татка си убил
мајка си ја обљубил
и ја зел за жена
во жалострашно событие вплеткан страдајќи од
зловестија
трагичен антихерој во инфернална
митологумена или чиста травестија?!?
– А во травестијата, дури по катарзисот започнува
вистинското дејствие во драмата
за тоа, како е до непрепознатливост изобличена
суштината на измамата
...имаш ли татко бре, Тиресијасе,
да го прашаш...
...зашто старите у маало за таквите ко тебе велеа
„А бе тој што знае, Тој, си си'бал мамата"